**С2Е3**

**Следен настан:**

**Вторник 20 октомври 2020, 20.00 часот**

**Музеј на македонската борба**

**СРЕДБА СО КОМПОЗИТОРОТ**

**ЖИВОЈИН ГЛИШИЌ**

**Модератор: Тони Димков**


**СОКОМ**

**СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА** **COMPOSERS ASSOCIATION OF MACEDONIA**

Максим Горки 18, 1000 Скопје, Македонија Maksim Gorki 18, 1000 Skopje, Macedonia

тел: + 389 2 3119-824 tel: + 389 2 3119-824

E-mail: sokom@sokom.mk E-mail: sokom@sokom.mk

**www.sokom.mk** **www.sokom.mk**


Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

ФИЛХАРМОНИЈА · МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА · НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ · GOETHE INSTITUT · Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ · МРТ · Телма · 5 · Вечер · НОВА МАКЕДОНИЈА · antenna




СОКОМ

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

# С2Е2

# ОМАЖ НА

# Проф. БЛАГОЈ ЦАНЕВ

**Понеделник, 19 октомври 2020**

**20.00 часот**

**Музеј на македонската борба**

ПРОГРАМА:

**ДЕВЕТ МИНИЈАТУРИ** за две виолини
Александар Иванов – виолина
Ева Богоевска - виолина

**ДУВАЧКО ТРИО IN AS**
Владимир Лазаревски – обоа
Здравко Ангелов - кларинет
Ванчо Стојановски - фагот

**БДЕЕЊЕ** за глас и пијано
Гонца Богоромова – сопран
Симон Трпчески - пијано

**ГУДАЧКИ КВАРТЕТ IN G**
Владимир Костов - виолина
Владимир Крстев – виолина
Марко Виденовиќ – виола
Паскал Краповски - виолончело

**ФОЛКЛОРНИ КАНОНИ** за виолина виолончело и пијано
Александар Иванов – виолина
Паскал Краповски – виолончело
Симон Трпчески - пијано

*Концертот е реализиран со сесрдна помош од семејството на проф. Благој Цанев

Проф. БЛАГОЈ ЦАНЕВ (1937-2020) е истакнат композитор и музички педагог, добитник на државните награди: ,,11 ОКТОМВРИ“ (2005) „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ (1995) и наградите на Сојузот на композиторите на Македонија: „ПАНЧЕ ПЕШЕВ“ за најзначајно остварување во музичкото творештво (1986) и „ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ" за животно дело (2004). Автор со голем творечки композиторски опус (над 60-тина покрупни дела), од кои 14 се наградени на разни конкурси, 10 печатени во Републикава и 5 во странство. Скоро сите дела се изведени и снимени во земјата и странство (сите републики од поранешна Југославија, Австрија, Албанија, Бугарија, Италија, Норвешка, САД, Турција, Украина, Франција, Шпанија и др.). Автор со најголем број досега во Македонија печатени музички учебници (10 учебника, од кои еден дел се преведени и адаптирани за употреба и на албански, односно турски јазик), работни тетратки (исто така преведени и адаптирани за употреба на албански, односно турски јазик) и други учебни помагала за неколку музички предмети од основното, средното и високото образование. Долгогодишен реномиран педагошки деец со долгогодишно континуирано работно искуство од повеќе наставни предмети во сите воспитно-образовни нивоа на степени. Неуморен академски професор кој несебично преку најразлични едукативни форми (за посебно обележување се неговите стручно-педагошки награди и настапи како предавач на стручни семинари и други музички манифестации во земјава и во странство), го пренесуваше своето богато искуство на помладите и човек кој со својата етика и широк дијапазон на општествено делување (огромен број на дипломи, признанија, повелби, благодарници, плакети, како и Медал на трудот од Претседателството на поранешната СФРЈ) е многу значаен за музичката култура, културата воопшто како и за воспитанието и образованието.